# Винарска Визба Тиквеш

*Врвно од Македонија*

TIKVEŠ
SINCE 1885

Винарската визба Тиквеш е предводник на винската индустрија во регионот и е препознатлив бренд во светот, бренд со кој се гордееме сите. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, развој и унапредување на човечките ресурси. Како дел од нашиот внимателно дефиниран план за раст и развој на организацијата, во потрага сме по успешни, енергични и посветени кандидати кои би ни се придружиле.

ДОКОЛКУ СТЕ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИКАЗНАТА ЗА ВИНО, СТЕ СИГУРНИ ДЕКА ЈА ПОСЕДУВАТЕ ПОТРЕБНАТА АМБИЦИЈА, ЖЕЛБА ЗА УСПЕХ И СТРАСТ ДА СЕ ПРИКЛУЧИТЕ КОН НАШИОТ ПОБЕДНИЧКИ ТИМ И СТЕ СПРЕМНИ ДА ГИ ИСКОРИСТИТЕ ИЗВОНРЕДНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ КОИ НИЕ ГИ НУДИМЕ, ВЕ МОЛИМЕ АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО:

## СОРАБОТНИК ЗА ИНТЕРНА РЕВИЗИЈА

**Профил на кандидатот:**

- Образование – ВСС (Сметководство и ревизија)
- Добро познавање на англиски јазик
- Напредно познавање на Microsoft Office
- Одлични комуникациски вештини
- Прецизност, аналитичност и ориентираност кон резултати
- Висок личен интегритет и деловна култура
- Возачка дозвола Б категорија

**Клучни одговорности:**

- Учество во сите фази на ревизија во соработка со менаџерот на ревизија
- Оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола
- Оцена на спроведувањето на интерните политики, процедури и законската регулатива како и деловната политика на Друштвото и нивно следење
- Оцена на точноста и веродостојната на трговските книги и финаските извештаи
- Подготовка на ревизорски извештаи до менаџерот на ревизија и менаџерот на ревидираниот процес и пратење на релизација на мерките од акционите планови

**Винарска визба Тиквеш нуди одлични услови за работа, можности за обуки и кариерен развој. Изборот на кандидатите ќе се направи со јасни критериуми по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.**

**Ако сте заинтересирани и ги исполнувате горенаведените услови, Ве молиме испратете го вашето резиме (CV) на следната емаил адреса: kariera@tikves.com.mk најдоцна до 12.05.21 година.**

